Остави го она во што се сомневаш за она во што не се сомневаш, бидејќи искреноста е спокој, а лажењето е сомнеж.‘“

Од Ебу Хавра ес-Сади, се пренесува: „Му реков на Хасан бин Али, радијаллаху анхума: ‚Што научи од Аллаховиот Пратеник, алејхи селам?‘ Тој рече: ‚Го научив од Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, следново: Остави го она во што се сомневаш за она во што не се сомневаш, бидејќи искреноста е спокој, а лажењето е сомнеж.‘“

[صحيح] [رواه الترمذي والنسائي وأحمد]

Пратеникот, алејхи селам, му заповедал да ги остави зборовите и постапките за кои постои сомнеж дали се забранети или не, дали се харам или халал, и да ги замени со она во што не постои сомнеж, за што е сигурен дека е добро и дозволено, за што срцето е спокојно и смирено, додека сомнителното го плаши и вознемирува срцето.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4564